Врз основа на член 24 став (1) точка 2) алинеја 15 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), а во врска со член 78 став (2) точка 12) од Законот за енергетика*, Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 8 февруари 2024 година, донесе

**ОДЛУКА**

**за одобрување на Планот за одржување на внатрешни далекуводи од електропреносната мрежа во сопственост на АД МЕПСО за 2024 година**

1. Се одобрува Планот за одржување на внатрешни далекуводи од електропреносната мрежа во сопственост на АД МЕПСО за 2024 година.
2. Се задолжува Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електропреносниот систем, во државна сопственост, Скопје, одобрениот план за одржување од точка 1 на оваа одлука да го објави на својата веб страница.
3. Оваа одлука влегува со сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електропреносниот систем, во државна сопственост, Скопје (во понатамошниот текст: АД МЕПСО) врз основа на член 78 став (2) точка 12) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22) е должен да изработи годишен план за одржување на внатрешните далекуводи од електропреносната мрежа, и по претходно одобрување од Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), да го објави на својата веб страница.

АД МЕПСО на 6 декември 2023 година до Регулаторната комисија за енергетика достави План за одржување на внатрешни далекуводи од електропреносната мрежа во сопственост на АД МЕПСО за 2024 година (во понатамошниот текст: План за одржување), бр.10-7023 од 24 ноември 2023 година, заведен во архивата на Регулаторна комисија за енергетика под бр.12-2583/1 од 6 декември 2023 година.

АД МЕПСО, со допис бр.10-1025 од 30 јануари 2024 година, на 5 февруари 2024 година до Регулаторната комисија за енергетика достави Одлука со којашто Управниот одбор на АД МЕПСО Скопје го усвоил Планот за одржување, заведен во архивата на Регулаторна комисија за енергетика

под бр.12-202/1 од 5 февруари 2024 година. Во прилог на дописот, АД МЕПСО достави Одлука УО бр.02-7801/2 од 22 декември 2023 година со којашто Управниот одбор на АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје го разгледа и го усвои Годишниот план за работа на АД МЕПСО за 2024 година, како и Одлука НО бр.02-7954/3 од 26 декември 2023 година со којашто Надзорниот одбор на АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје го разгледа и го усвои Годишниот план за работа на АД МЕПСО за 2024 година.

Регулаторната комисија за енергетика на 8 февруари 2024 година одржа седница на којашто го разгледа и одобри Планот за одржување на внатрешни далекуводи од електропреносната мрежа во сопственост на АД МЕПСО за 2024 година.

Имајќи го во предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука, може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**бр.12-202/2**
**8 февруари 2024 година**
**Скопје**

**Претседател**
**на Регулаторна комисија за енергетика, водни услу**
**и услуги за управување со комунален отпад**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**